Врз основа на чл.383 ст.1т.1 а, в.в. со чл.417, 418 и 419 од Закон за трговските друштва (Сл. весник на РМ бр.28/2004......Сл.весник на РСМ бр.215/2021) и чл.88, 90 и 91 од Статутот на Друштво за бањски туризам и телесна рехабилитација ДЕБАРСКИ БАЊИ-ЦАПА АД од Дебар, Собранието на акционерското друштво, на седницата на Собранието на друштвото одржана на ____.____.2023 год. донесе:

Предлог О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Статутот на
Друштвото за бањски туризам и телесна
рехабилитација ДЕБАРСКИ БАЊИ-ЦАПА
АД Дебар

Член 1

Членот 9 од Статутот на акционерското друштво се менува и гласи:

„Предмет на работење на акционерското друштво се дејностите определени во Статутот и запишани во трговскиот регистар на Централниот регистар на РСМ.

-ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС

Приоритетна дејност/Главна приходна шифра е:

86.90- Други дејности за здравствена заштита;

-Акционерското друштво ќе ги врши сите дејности во надворешно-трговскиот промет;

Член 2

Во чл.11 во ставот (1) по зборот делови се додава зборот „-подружници„;

Во истито член 11 во т.1 по зборот Бањишта се додаваат зборовите: „дејност 86.90-други дејности за здравствена заштита; во т.2 по зборот Косоврасти се додаваат зборовите: „дејност 86.90-други дејности за здравствена заштита; во т.3 по зборот Дебар, се додаваат зборовите: „дејност 55.10-Хотели и слични објекти за сместување; и по точката три се додаваат точки 4,5 и 6 кој гласат:

4. Аква Спарк Дебар –Бања Косоврасти, дејност 93.29-останати забавни и рекреативни дејности, неспоменати на друго место;
5. СПРИНГ Дебар –Бања Бањишта, дејност 56.10-ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна;
6. Вила ВИЛНЕС –Бања Бањишта Дебар, дејност 55.10-Хотели и слични објекти за сместување;

Член 3

Во чл.55 став 3 се менува и гласи:

„ Изборот на членовите на Одборот на директори се врши со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието.

По став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Изборот на член, односно членови на Одборот на директори се врши согласно став 3 од овој член независно дали се избира или отповикува еден или сите членови едновремено.„

По став 4 се додава нов став кој гласи:

„ Членот на Одборот на директори должен е редовно да присуствува на седниците на Одборот на директори кога состаноците се свикуваат за непосредно одржување во седиштето на друштвото или на друго место. „

Ставот 4 станува став 5, а ставот 5 станува став 6.

Член 4

Во чл.57 по став 2 се додаваат три нови става кој гласат:

„ Член на Одборот на директори кој оправдано е спречен да присуствува на седница на Одборот на директори, должен е навремено, пред одржувањето на седницата да го извести Претседателот на одборот кој одлучува за оправданоста на отсуството. „

„ Претседателот за барањето за оправдано отсуствување одлучува во рок од 24 часа и го известува членот кој бара отсуство од седница на Одборот на директори. „

„ После три отсуствувања од седница, на член на Одборот на директори, претседателот поднесува предлог за отповикување на членот од Одборот на директори до Собранието на акционери на друштвото. „

Став 3 станува став 6.

Член 5

Одборот на директори овие измени и дополнувања на Сатутот на друштвото да ги пријави во Централниот регистар на РМ.

Одборот на директори да го задолжи Главниот извршен директор да ја поднесе пријавата за упис на промените.

Се задолжува Одборот на Директори во рок од еден месец да подготви пречистен текст на Статутот.

Собрание на акционери
Претседавач

___________________________